Република Македонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје
Природно-математички факултет
Институт за математика

# Информатор за студирање

## на вториот циклус студии
## на Институтот за математика

http://im.ukim.mk

Скопје, декември 2012

# За Институтот за математика

Институтот за математика (ИМ) при Природно-математичкиот факултет во Скопје е најстарата наставно-научна институција во Република Македонија која подготвува кадар од областа на математичките науки во сите степени на образованието: додипломски студии (прв циклус академски студии), постдипломски студии (втор циклус академски студии) и докторски студии (трет циклус студии). Во својата седум децениска традиција ИМ има постигнато завидно ниво во научната работа, а ги задржа и високите стандарди во изведувањето на наставата. ИМ формира квалитетни кадри коишто можат да одговорат на предизвиците на современиот живот.

Наставниот кадар на ИМ се состои од 9 редовни професори, 2 вонредни професори, 4 доценти и 4 асистенти. Членовите на ИМ се занимаваат со истражувања од многу области на математиката и на применетата математика:

- Алгебра
- Диференцијална геометрија
- Функционална анализа
- Фурјеова анализа
- Диференцијални равенки
- Теорија на дистрибуции
- Топологија
- Динамички системи
- Нумеричка оптимизација
- Актуарска математика

# Втор циклус студии по математика

Вториот циклис студии по математика им овозможуваат на студентите да ги профилираат своите знаења во специјалности, зависно од нивните лични желби и/или од општествените потреби. Студиите се едногодишни, а траат двојно од времето што е пропишано. Со завршувањето на магистерските студии студентите се стекнуваат со звањето магистер по математички науки и примени.

## Услови за запишување на студиите

На студиски програми од втор циклус на универзитетски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус, или студенти со завршени додипломски студии, во согласност со Преодните и завршни одредби на Законот за високото образование.

Универзитетот и неговите единици утврдуваат кои студии се соодветни за запишување на одделни студиски програми од втор циклус, како и условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми.

Лицето кое завршило стручни студии или академски студии на друг сроден факултет, може да се запише на академски студиски програми од втор циклус по математика, при што за запишување може да се пропише полагање на диференцијални испити, согласно со студиската програма, а кои ги одредува Колегиумот на вториот циклус студии на Институтот за математика за секој студент одделно.

Кандидатот е должен да поднесе пријава за конкурирање за запишување на втор циклус студии во роковите утврдени во конкурсот, со назнака дека конкурира за студиската програма на вториот циклус студии по математика. Пријавата може да се подигне од Архивата на ПМФ или од интернет страницата на ИМ.

Покрај пријавата, кандидатот е должен да ги приложи сите документи утврдени во конкурсот.

Колегиумот на вториот циклус студии одлучува за уписот на кандидатите, а извештајот за резултатите од уписот го доставува до наставно-научниот совет на ПМФ. Наставно-научниот совет на ПМФ го потврдува уписот на кандидатите. Листата на примени кандидати што се запишале на II циклус студии по математика, се објавува на интернет страницата на ИМ.

Кандидатите што не се задоволни од исправноста на постапката за селекција на кандидатите или од одлуката за прием на кандидатите можат да постапат според членот 19 од правилникот за студирање на прв и втор циклус студии.

# Настава

## Упис на I семестар

Првиот семестар започнува најдоцна 15 дена од донесувањето на одлуката на Наставно-научниот совет на ПМФ за упис на студентите на II циклус студии во тековната учебна година за кои Стручниот колегиум на вториот циклус студии дал одобрение да се запишат. Службата за студентски прашања на ПМФ по писмен пат ги известува кандидатите до кој датум треба да го направат уписот. Стручната служба на ИМ ги информира кандидатите за првиот наставен час и за распоредот на часовите.

При уписот на првиот семестар студентот избира 2 предмета од листата задолжителни предмети за I семестар. Секој предмет носи 10 кредити.

Листа задолжителни предмети:

- Одбрани делови од алгебра
- Одбрани делови од диференцијална геометрија
- Одбрани делови од алгебарска топологија
- Одбрани делови од општа топологија
- Одбрани делови од функционална анализа
- Теорија на аналитички функции
- Теорија на веројатност

## Упис на II семестар

При уписот на II семестар студентот избира ментор од редот на наставниците и пријавува област под негово раководство со 2 предмети од листата предмети за II семестар или, пак, 1 предмет од листата и 1 предмет што не е од листата, или, пак, 2 предмети што не се од листата, а се во договор со менторот.

Студентот мора да запишува семестар по семестар, независно од тоа дали ги има или ги нема положено задолжителните предмети. Во текот на следните две учебни години студентот заверува семестар за семестар (вкупно 4 семестри) без надомест, освен за пријавен лист за упис (розов лист) и административните такси за упис.

Доколку студентот го нема регулирано уписот во секој семестар, нема право да ги полага запишаните предмети од кој било семестар. За да го регулира својот статус, т.е. уписот на соодветните семестри, студентот треба да поднесе барање во студентската служба на ПМФ (во ке ке бидат содржани e-mail и тел. за контакт) и да плати казна во висина од 2000 денари.

Ако студентот од оправдани причини не може да го продолжи студирањето во текот на некоја од двете учебни години (болест, породилно боледување и сл.), треба да поднесе барање за мирување на таа година до Стручниот колегиум на вториот циклус студии. Во текот на таа година не може ниту да слуша ниту да полага предмети.

По завршувањето на обрските во врска со предметите од II семестар, студентот треба да поднесе барање за проверка на досието и издавање уверение за положени испити најмалку 15 дена пред пријавувањето на темата (уверението се поднесува при пријавувањето на темата / види: *Упатство за изработка на магистерска работа и потребна документација за нејзино пријавување и поднесување*, достапно на интернет страницата на ИМ во делот Настава на вториот циклус студии: http://im.ukim.mk/index.php/Студиска_програма_на_вториот_циклус_студии).

Ако студентот не магистрира во рок од 3 години од денот на запишувањето, за упис на секој нареден семестар плаќа 3500 денари (или онолку колку што ќе пропише деканатската управа на ПМФ за тековната учебна година).

## Обврски на наставниците

Наставата мора да заврши до крајот на семестарот. Планот за изведување на наставата го одредува колегиумот на вториот циклус студии.

Наставниците се должни да водат евиденција за присутност на студентите на предавањата.

## Обврски на студентот

Студентот заверува семестар со потписи на наставниците од запишаните предмети со што се потврдува неговото исполнување на предвидените обврски. Студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од поединечен предмет, не може да пристапи на испит.

Запишувањето на предметите од наредниот семестар се врши во период од 2 седмици пред почетокот на семестарот. Студентот може да запише најмногу 2 предмети кај еден ист професор или 3 предмети (кога секој од трите предмети ги водат двајца професори).

Во зимскиот и во летниот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските и предметните програми за зимскиот и за летниот семестар, соодветно.

При запишувањето на предметите потребно е студентот да ги исполнува условите утврдени со предметните програми.

Во случај кога студентот не го положил предметот во предвидениот рок, ќе треба повторно да го запише, со 50% од цената за упис на еден семестар (за секој неположен предмет).

Студентот има право да го замени задолжителниот предмет со друг задолжителен предмет од листата на задолжителни предмети, при што студентот плаќа 100% од сумата како за прв упис на предмет.

При повторно запишување на неположен изборен предмет, условите за плаќањето се исти како при повторното запишување на задолжителните предмети.

## Испити и оценување

Проверката на знаењата на студентите се врши со изведување испити. Испитите се изведуваат по писмен и/или устен пат, но и на друг начин, доколку е утврден со предметната програма. На испит студентите задолжително покажуваат индекс.

### А) Распоред на испити

Календарот на испитите се објавува на почетокот на секоја академска година заедно со распоредот за настава и се објавува на интернет страницата на ИМ.

Распоредот за одржување на испитите се утврдува на тој начин што бројот на испитните термини за секој предмет во секој испитен рок да може да ги опфати сите студенти кои имаат право да го полагаат тој предмет.

### Б) Пријавување и полагање на испитите

Испитот се пријавува со пријавен лист. Пријавниот лист претставува документ чијашто содржина и форма се еднообразни за сите составни единици на Универзитетот. Во редовниот испитен рок студентот е должен да го пријави испитот во роковите утврдени во календарот за настава.

За секој студент се води испитна документација.

Испитите се јавни и резултатите од испитите се достапни на јавноста, а право на увид во испитната документација има лице коешто ќе докаже правен интерес. Не смеат да се изведуваат испити само за еден студент без присуство на други лица (студент, асистент, друг наставник).

Испитните рокови се во јануари, јуни и септември. Испитот може да се полага најмногу трипати во три испитни рока од една учебна година (значи: за предметите од зимскиот семестар важат јануарско-февруарската, јунската и септемвриската сесија, а за предметите од летниот семестар важат јунската, септемвриската и јануарско-февруарската сесија).

### В) Пријавување на област

Пријавувањето на предметите од II семестар студентот го прави во рамките на областа во којашто сака да се усовршува.

Кандидатот поднесува изјава до ИМ, а преку Архивата на ПМФ, во која ја наведува областа во која сака да се усовршува, го наведува професорот кого го предлага за ментор и предметите коишто дотогаш ги има положено. Изјавата/формулар може да се најде на интернет страницата на ИМ.

Покрај изјавата, студентот до Архивата на ПМФ, ја поднесува и изјавата на менторот насловена до ИМ, во која ги наведува предметите што студентот ќе ги слуша и полага во II семестар.

Студентот може да пријави област и во случај да нема положено ниту еден од задолжителните предмети, доколку предметите што ги пријавува за II  семестар не се врзани со некој од задолжителните предмети што треба да ги полага. Ако некој од предметите што ги предлага менторт е врзан со некој од задолжителните предмети, тогаш студентот задолжително мора да го има положено тој предмет(и).

## Магистерска работа

Кандидатот, по положувањето на предвидените задолжителни и изборни предмети, предлага ментор и пријавува наслов на магистерската работа во соработка со менторот. На предлог на Стручниот Совет на ИМ, Наставно-научниот совет на ПМФ му одредува на кандидатот ментор и тема за магистерска работа. За ментор се назначува наставник којшто е афирмиран во областа од која е магистерскиот труд.

Магистерската работа е труд од експозиторен карактер (20 кредити), во кој се презентирани и систематизирани резултатите од научни трудови, монографии или книги, а во кои се обработува темата на магистерската работа.

Упатството за изработка на магистерска работа, како и потребната документација за пријавување на насловот на магистерскиот труд и поднесувањето на магистерскиот труд, може да се најде на интернет страницата на ИМ.

Студентот го брани магистерскиот труд најдоцна 1 година од датумот на пријавување на темата за магистерска работа. На барање на студентот ИМ може да одобри продолжување на рокот за изработка на магистерската работа за времето за кое треаеле причините за спреченост за работа на магистерскиот труд. Ако по истекот на овој рок студентот не ја поднесе магистерската работа, тогаш тој го губи правото да ја брани пријавената тема за магистерска работа.

Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд се состои од три члена со наставно-научни звања од кои најмалку двајца се од соодветната научна област од која е изработениот труд. Менторот е член на комисијата. Комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд ја потврдува Наставно-научниот Совет на ПМФ.

Комисијата доставува преку Институтот за математика Извештај и оценка на магистерскиот труд до Наставно-научниот Совет на ПМФ, најдоцна 3 месеци по одобрувањето на Комисијата од страна на Наставно-научниот Совет на ПМФ. По прифаќањето на Извештајот, се закажува термин за јавна одбрана на магистерската работа, најрано 8, а најдоцна 15 дена по усвојувањето на Извештајот. Кандидатот писмено се известува за датумот на одбраната.

Кандидатот ги завршува студиите со јавна одбрана на магистерската работа. Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла на ПМФ најмалку 7 дена пред одбраната.

По завршувањето на одбраната Комисијата за одбрана јавно ја соопштува оценката на магистерскиот труд. Оценувањето се врши со две описни оценки: кандидатот го одбранил магистерскиот труд и кандидатот не го одбранил магистерскиот труд. Во текот на одбраната се води записник во кој се внесува оценката. Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата.

Доколку кандидатот го одбранил магистерскиот труд, тој се стекнува со научен степен магистер по математички науки и примени.